**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН СУД**
**БИТОЛА**
**11.02.2025 година**

**МАЛВП-296/2024**

# П О К А Н А
**за одговор на тужба**

Во правната работа на ТУЖИТЕЛОТ **Национално Биро за Осигурување од Скопје**, застапуван од _______________, против ТУЖЕНИОТ **Ерџан Ибраимов од Битола,** застапуван од ______________, основ , вредност 65.000.00.

**ТУЖЕНИОТ ДА ДОСТАВИ ПИСМЕН ОДГОВОР НА ТУЖБА ВО РОК ОД 15 ДЕНА.**

Доколку не дадете одговор на тужба, судот ќе донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, доколку се исполнети условите предвидени во чл.319 ст.1 т.1-4 од ЗПП.

**Овластен службеник**
_______________________

**Правна Поука:**
Тужениот е **должен** да даде **писмен одговор на тужба** во оставениот рок ( чл.269 ст.2 од ЗПП).
Ако тужениот го оспорува тужбеното барање во одговорот на тужба должен е да ги наведе фактите, врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти и е должен да ги приложи исправите на кои се повикува ( чл. 270 ст.2 од ЗПП).
Ако по приемот на одговорот на тужба, судот утврди дека меѓу странките не е спорна фактичката состојба и дека не постојат други пречки за донесување на одлука, судот може да донесе одлука и без закажување на рочиште (чл. 270 ст.4 од ЗПП).
Ако тужениот не поднесе одговор на тужба во оставениот рок судот ќе донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба ако бидат исполнети условите од чл.319 ст.1од точка 1 до 4 од ЗП.
Ако тужениот во одговорот на тужбата ги признава решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судот може да донесе **пресуда без одржување на расправа** ако не постојат други пречки за нејзиното донесување (чл. 321 од ЗПП).

---

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**Петар Чаловски**

**МАЛВП-296/2024**
Ев.**11.02.2025**

**Д О С Т А В Н И Ц А**

Ерџан Ибраимов
ул.Караорман бр.111
Битола

Се доставува: Покана за одговор на тужба и тужба со докази, рок 15 дена

Потврдувам дека го примив гореспоменатиот акт денеска на (со букви)
_______________________________________________
_______________________________________________

Предавањето го извршил
____________________________

_______________________________20____ година.

Примил
_______________________________________________

на _______________20____год.

**Образец СД 33 (Член 202 од Судски деловник) -** Покана за одговор на тужба
Формат: (500x320)

А Д В О К А Т
М-р Емил Паришко
Ул.,Климент Охридски.,бр.66 тел:047 552-454 , моб 075 284 643 email emilparisko@hotmail.com
Ж-ска 270066523870102 Халк Банка ембс 6652387 едб 5002010502390

ДО
ОСНОВЕН СУД
БИТОЛА

Тужител:НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
ул,,Митрополит Т.Гологанов бр.28/3-Скопје ембс 4451783 едб 4030992238640 ж- с-ка 210044517830265 NLB Тутунска Банка АД email:**nibm@nibm.com.mk**
застапуван од адв.М-р Емил Паришко од Битола
сандаче за ел.достава:emilparisko@hotmail.com
корисничко име:Emil Parishko
**Тужени** 1)Ибраимов Ерџан од Битола
ул,,Караорман,,бр.111 [redacted]
2.)Мемишоски Емран од Прилеп ул,,Тризла,,бр.86 [redacted]
Основ: Регресен долг
**Вредност:65.000,оо денари**
Прилог: полномошно,платена такса за тужба,тековна состојба,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
10 MAY 2024
Бр. ____
____ 20__ година
Битола

# Т У Ж Б А

На ден 27.04.2020 година во Охрид се случила сообраќајна незгода помеѓу п.м.в марка Опел Вектра со рег.таблици БТ-700-ЦС,управувано од второтужениот а сопственост на првотужениот согласно склучен Договор за купопродажба на моторно возило кое било **неосигурано и нерегистрирано ,** и моторцикл марка Јиајуе со регистарски таблици ОХ-3545-АЦ управувано од лицето Лекоски Александар.

**Доказ: Записник и скица од МВР,Договор**

Согласно Пресуда К.бр. 374/21 на Основен суд Охрид,виновен за настанувањето на незгодата е сега второтужениот.

**Доказ:Пресудата**

Оштетениот Лекоски Александар поднесе Барање за надомест на штета до сега тужителот и достави медицинска документација која тужителот ја одстапи на обработка на Евролинк осигурување и склучена е Спогодба и на оштетениот му е исплатен износ од 65.000,оо денари.

**Доказ:Барање,медицинска документација,Достава на штета на обработка,Фактура,Спогодба Налог за пренос.**

По извршената уплата Евролинк Осигурување достави до сега тужителот Барања за рефундација на исплатена штета согласно кои сега тужителот изготви Пријави на штета до Гарантен Фонд со која се одобрува вкупна штета во износ од 65.000 ,оо ден .

**Доказ:,Барања,Пријава на штета до Гарантен Фонд**

Пред поднесувањето на тужбата тужителот достави опомена пред тужба до тужените,но и покрај тоа истиот воопшто не се јавија ниту па го исплатија долгот кон тужителот.

**Доказ:опомена со препорачана пратка**

Во конкретниот случај тужителот ја надоместил штетата и согласно чл.16 и 64 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот има право на регрес во висина на исплатената штета заедно со камата и трошоци од сега тужените бидејќи второтужениот го управувал возилото неосигурано и нерегистрирано.

Поради тоа му предлагам на судот по изведување на предложените докази да ја донесе следната

# П Р Е С У Д А

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање на тужителот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** тужените Ибраимов Ерџан и Мемишоски Рмран на тужителот солидарно да му исплатат на име регресен долг износ од 65.000,00 денари, со законска казнена камата сметано од 30.03.2023 год до конечната исплата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 % поени , како и да му ги надоместат трошоците во постапката во рок од 8 дена по приемот на Пресудата.

Трошковник

1.Состав на тужба со 30 % паушал и 25 % зголемување за нареден тужен ..........................6.500,оо ден
2.Судска такса за тужба и одлука x 2.000,оо ден..........................................................4.000,оо ден
Вкупно: 10.500,оо ден

Битола,10.05.2024

полномошник
адв.М-р Емил Паришко